Општина Валандово

# З А П И С Н И К

од

спроведен електронски анкетен прашалник за креирање на
Буџетот на Општина Валандово за 2023 година

На ден 15.11.2022 година, на официјална веб страна www.valandovo.gov.mk и официјалните facebook страни, Општина Валандово објави електронски анкетен прашалник за креирање на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година.

Овој анкетен прашалник траеше од 15.11.2022 – 30.11.2022 година.

Цел на анкетниот прашалник беше поголема вклученост на граѓаните, здруженијата и граѓанските организации во креирање на Буџетот на општината со придонес од свои идеи, предлози и критики.

На анкетниот прашалник имаше шест полиња за одговор и тоа:

- Пол,
- Возраст,
- Национална припадност,
- Населено место,
- Област на проблем, предлог или идеја и
- Опси на проблем, предлог или идеја (во кратки црти);

**Согласно податоците од граѓани кои го пополниле анкетниот прашалник вкупно се добиени 58 одговори на проблеми, предлози или идеи.**

- Според полот вкупно одговориле 34 мажи и 28 жени.
- Според возраста 25 одговори се од граѓани кои се под 30 години, 32 одговори се од граѓани кои се помеѓу 30-64 години и 1 одговор од лице кое е над 64 години.
- Според националноста одговори пристигнаа од 47 лица од македонска националност, 3 лица од српска националност, 7 лица од турска националност и 1 лице од ромска националност.

- Според населено место имаме 24 одговори за/од Валандово, по 7 за/од Пирава и Раброво, по 4 за/од Јосифово и Чалакли, по 3 за/од Удово и Марвинци и по 2 за/од Брајковци, Калково и дедели.

**Во повикот за вклучување на граѓаните и организациите е забележано дека сите реално остварливи предлози и идеи ќе бидат разгледани од општинските служби и истите ќе бидат вметнати во самиот Буџет.**

Изработил:
Владимир Лазов

**М.П**